27.07.2017г.

## ОДЛУКА

**На Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), по жалбата на Беким Мурати за текстот насловен „Vrasjet dhe pasiguria, po e godasin biznesin në Komunën e Sarajit, Bekim Murati nuk ndërmori asnjë aksion sensibilizuesë kundër përdorimit të armëve!“ („Убиствата и несигурноста влијаат на бизнисот во Општина Сарај, Беким Мурати не презема никаква сензибилизирачка акција против употреба на оружје“), објавен на интернет порталот Журнал (www.zhurnal.mk)**

## ЖАЛБАТА Е ОСНОВАНА

Кодексот на новинарите е прекршен во членот 1.

Член 1

*„Новинарот има право на слободен пристап до сите извори на информирање што се од јавен интерес. Новинарот треба да објавува точни, проверени информации и нема да прикрива суштински податоци и да фалсификува документи. До колку информацијата не може да се потврди, или станува збор за претпоставка, односно шпекулација, тоа треба да се каже и да се објави. Точноста на информацијата треба да се провери колку што е тоа можно“.*

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

До извршната канцеларија на Советот за етика во медиумите на Македонија, на 27 јуни 2017 Беким Мурати поднесе жалба за текстот со наслов „Vrasjet dhe pasiguria, po e godasin biznesin në Komunën e Sarajit, Bekim Murati nuk ndërmori asnjë aksion sensibilizuesë kundër përdorimit të armëve!" („Убиствата и несигурноста влијаат на бизнисот во Општина Сарај, Беким Мурати не презема никаква сензибилизирачка акција против употребата на оружје"), објавен на 26 јуни 2017 година, во 20 часот и 16 минути, на интернет порталот „Журнал".

Во жалбата се наведува дека објавениот текст содржи клевета.

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со членот 14 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби, по приемот и разгледување на жалбата, стапи во контакт со интернет порталот „Журнал" и побара уредничкиот колегиум да се изјасни по однос на наводите на жалбата.

Од „Журнал" одговорија дека не е вистина дека пишувале клевети за наведениот текст и потенцираа дека не се прекршени етичките кодекси на новинарството, бидејќи напишаното било сензибилизирање со граѓаните на општина Сарај, се' со цел намалување на убиствата и несигурноста во оваа општина.

*"За последните случувања „убиства„ во оваа општина, не пишуваше само нашиот портал, туку пишуваа и многу други интернет портали. Но реакцијата на градоначалникот на општина Сарај, Беким Мурат беше остра кон нашата редакција, бидејќи ние апелиравме за тоа да Министерството за внатрешни работи во соработка со Општина Сарај, да преземат акција за одземање на оружјата без дозвола што ги поседуваат некои граѓани од оваа општина"* се вели во одговорот од интернет порталот.

Комисијата за жалби најде дека жалбата во однос на содржината на текстот е **ОСНОВАНА.**

На седницата на 24.07.2017 година, Комисијата, најпрво, заклучи дека не може и нема право да ги утврдува фактите наведени во него. Нејзината надлежност е единствено да ги утврдува етичките и професионалните стандарди во новинарскиот производ.

Членовите на комисијата констатираа дека прилогот произлегува од јавниот интерес и, како таков, работата на политичарите, во случајов, на градоначалникот Беким Мурати претставува легитимна новинарска цел. Во согласност со Декларацијата за слободата на политичката дебата во медиумите, политичарите и јавните функционери прифатиле да бидат поставени под јавна критика за нивниот домен на работа. Новинарската слобода вклучува и искажување на гледишта до степен на претерување, дури и провокација, се' со цел да поттикне јавна дебата на конкретна тема.

Комисијата заклучи дека во прилогот нема доволно елементи кои можат да се окаректеризираат како клевета, затоа што новинарот својот текст го базира врз основа на изјави на бизнисмени и жители на општината.

Сепак, Комисијата најде дека авторот имал обврска, но не обезбедил став од засегнатите страни од текстот, од градоначалникот и/или општината, но во случајов и од Министерството за внатрешни работи, главна институција во државата за јавниот ред и мир и безбедноста на граѓаните. Со тоа, го прекршил членот 1 од Кодексот на новинарите, во кој посебно се издвојува реченицата:

***„И покрај овие несреќни случаи, Општина Сарај и градоначалникот Беким Мурати не преземаа никаква сензибилизирачка акција против употребата на оружјето и подигнување на свеста кај младите дека оружјето убива, оружјето не познава возраст“.***

Постулат на новинарската професија е да се обезбеди и „втора страна“, односно да им се даде можност на сите засегнати од новинарскиот производ да го кажат својот став. Ова

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2 1000 Скопје

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

особено во случаи кога новинарот изнесува сомневања или обвинувања или кога некој е предмет на напад и критика.

Во согласност со наведеното, Комисијата одлучи како во диспозитивот.

Во работата на Комисијата учествуваа членовите Мирче Адамчевски, Мери Јордановска, Сефер Тахири, Теофил Блажевски, Гоце Герасимовски и Беким Ајдини.

**Се обврзува интернет порталот „Журнал“ (www.zhurnal.mk), во согласност со членот 18 од Деловникот за работа на Комисијата за жалби, да ја објави оваа одлука.**

Со почит,
Совет за етика во медиумите на Македонија

Претседател на Комисијата за жалби
Мирче Адамчевски

Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС
Скопје

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2 1000 Скопје

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595